јуни

2018

# ИПИС

Институт за Политички Истражувања - Скопје

# ИСТРАЖУВАЊЕ

## ЗА ИНФОРМИРАНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ВО МАКЕДОНИЈА

МАПАС

## СОДРЖИНА

**АПСТРАКТ** ____ **4**

**ВОВЕД** ____ **5**

**1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ____ **7**

**1.1. Прва фаза:** ***Подготвителна фаза на истражувањето*** ____ **7**

**1.2. Втора фаза:** ***Дефинирање и утврдување на примерокот на истражувањето*** ____ **8**

**1.3. Трета фаза:** ***Имплементација на телефонското истражување*** ____ **9**

**1.4. Четврта фаза:** ***Обработка на податоците, анализа и толкување на резултатите од истражувањето*** ____ **10**

**2. АНАЛИЗА И ИНДИКАТИВНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** ____ **11**

**2.1. Демографски карактеристики на примерокот во истражувањето** ____ **11**

*2.1.1. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ВОЗРАСТА* ____ 12

*2.1.2. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според нивното ЧЛЕНСТВОТО во пензиските фондови* ____ 13

*2.1.3. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според РЕГИОНОТ во кој живеат* ____ 13

*2.1.4. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ТИПОТ НА ЧЛЕНСТВО во пензиските фондови* ____ 14

**2.2. Лична информираност и ангажираност на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија за нивното членство** ____ **14**

*2.2.1. Анализа на резултатите за личната информираност и ангажираност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за членството во задолжителните пензизки фондови* ____ 15

*2.2.2. ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за личната информираност и ангажираност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за нивното членство во задолжителните пензиски фондови* ____ 17

**2.3. Лична информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија за вториот пензиски столб во РМ** ____ **18**

*2.3.1. Анализа на резултатите за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за вториот пензиски столб во РМ* ____ 18

*2.3.2. ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за вториот пензиски столб во РМ* ____ 21

**2.4. Лична информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва** ____ **22**

*2.4.1. Анализа на резултатите за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва* ____ 22

*2.4.2. ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва* ____ 25

**2.5. Оцена за информираноста и запознаеноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија за правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ ____ 27**

*2.5.1. Анализа на резултатите за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ* ____ 27

*2.5.2. ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ* ____ 29

**2.6. Увид и оцена за информираноста и разбирањето на податоците во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година од членувањето во вториот пензиски столб во РМ ____ 30**

*2.6.1. Анализа на резултатите за информираноста и разбирањето на подтоците во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година* ____ 30

*2.6.2. ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за информираноста и разбирањето на податоците во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година* ____ 33

**2.7. Увид и оцена за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови за Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС ____ 35**

*2.7.1. Анализа на резултатите за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови за МАПАС* ____ 35

*2.7.2. ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови за МАПАС* ____ 36

**3. ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ____ 37**

## АПСТРАКТ

Институтот за политички истражувања – Скопје (ИПИС) во соработка со Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување - МАПАС спроведе квантитативно Истражување за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија. Истражувањето се спроведе во период од 30 април до 30 јуни 2018 година, со примена на телефонска анкета според изготвен прашалник.

Целта на истражувањето, е дел од долгорочните цели да се подигне јавната свест и да се подобри информираноста кај членовите (осигурениците) за пензискиот систем, но и за нивните права и придобивки како членови на вториот пензиски столб во РМ. Исто така, целта беше да се обезбедат соодветни информации за информираноста и запознаеноста на членовите во задолжителните пензиски фондови со вториот пензиски столб, со улогата и работењето на пензиските друштва и пензиските фондови, со улогата и работењето на Агенцијата за капитално финансираното пензиско осигурување – МАПАС, кои ќе помогнат во преземање дополнителни активности во насока на подобрување на работењето на пензискиот систем во целина, пред сè во интересите на своите членови (осигуреници).

Со имплементација на истражувањето беа постигнати зацртаните цели и се потврди релевантноста на добиените резултати.

## ВОВЕД

Во продолжение следи извештај кој претставува анализа на податоците добиени од квантитативното телефонско истражување за информираноста, разбирањето, но и за мислењето и ставот на членовите (осигурениците) во задолжителните пензиски фондови во РМ за работењето и функционирањето на институциите во рамки на пензискиот систем во Република Македонија. Истражувањето е дел од развојните цели за зајакнување на ефективноста и ефикасноста на пензискиот систем во Република Македонија, преку:

- Подигање на јавната свест за подобра информираност и на членовите и на општата популација за пензискиот систем во Република Македонија и
- Преземање дополнителни активности од страна на институциите во рамки на пензискиот систем на РМ во насока на подобрување на своето работење и излегување во пресрет на интересите на своите осигуреници (членови).

Извештајот се состои од три поглавја: 1) Методологија на спроведување на квантитативното истражување за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија, 2) Анализа и индикативни наоди од истражувањето за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија и 3) Генерални заклучоци и препораки од истражувањето за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија. Во првото поглавје детално се прикажани фазите и спроведените активности од овој дел од истражувањето. Второто поглавје се состои од подпоглавја во кои се опфатени анализата и значајните наоди од истражувањето за:

- ✓ Демографски карактеристики на испитаниците во истражувањето;
- ✓ Увид во личната информираност и ангажираност на испитаниците за членството во задолжителните пензизки фондови;
- ✓ Увид во степенот на лична информираност и запознаеност на испитаниците за вториот пензиски столб во РМ;
- ✓ Увид во степенот на лична информираност и запознаеност со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови, како и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва;
- ✓ Увид и оцена на познавањето на правата и обврските на испитаниците од членувањето во вториот пензиски столб;

- ✓ Увид и оцена на информираноста и разбирање на податоците преку извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година; поточно и индиректно добивање увид во степенот на ажурираност на личните податоци на испитаниците;
- ✓ Увид за степенот на информираност на испитаниците за МАПАС.

Третиот дел содржи генерални заклучоци произлезени од индикативните наоди од истражувањето, како и конкрентни препораки во однос на мерки и активности кои треба да се преземат во иднина, од страна на институциите во рамки на пензискиот систем на РМ како дополнителни активности во насока на подобрување на своето работење и излегување во пресрет на интересите на своите осигуреници.

Квантитативното телефонското истражување за информираноста, разбирањето, но и за мислењето и ставот на членовите (осигурениците) во вториот пензиски столб на РМ за работењето и функционирањето на институциите во рамки на пензискиот систем во Република Македонија, даде резултати кои претставуваат солидна насока за понатамошното планирање и спроведување на активности согласно наведените главни цели.

# 1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Пристапот во истражувањето за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија беше квантитативен и истиот подразбираше процес на планирање, спроведување и анализа на 1103 поединечни телефонски интервјуа[1] во вид на анкета на членови на задолжителните пензиски фондови во Република Македонија. Целото истражување се одвиваше низ *четири фази*, кои во себе содржеа соодветни активности и во чии рамки беа употребени соодветни методи и техники; истите се проследени во продолжение:

## 1.1. Прва фаза: *Подготвителна фаза на истражувањето*

Подготвителната фаза на истражувањето во себе содржеше активности кои обезбедија солидна основа за соодветно прибирање на податоци неопходни за анализа. Истите се проследени во продолжение на текстот:

1) ***Запознавање и проценка на тековните состојби*** и функционирање на системот за пензиско и инвалидско осигурување во Република Македонија, со посебен фокус на вториот столб на капитално финансираното пензиско осигурување во РМ Активноста подразбираше:
   - ✓ Одбирање на документи за анализа;
   - ✓ Анализа на мерки, закони, програми и стратегии кои се однесуваат на системот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, со посебен фокус на состојбите и функционирањето на вториот столб на капитално финансираното пензиско осигурување во РМ;
   - ✓ Прецизно дефинирање и утврдување на предметот и целите на истражувањето;
   - ✓ Подготовка на систем на категории и подкатегории кои беа опфатени во истражувањето;
   - ✓ Точно дефинирање и прецизирање на истите.

2) **Подготовка на прашалник како инструмент на истражувањето**

Во основа оваа активност подразбираше подготовка за формулирање добри и соодветни прашања т.е. дизајнирање на соодветен прашалник, согласно утврдените цели на истражувањето:

- ✓ Одредување на тематски целини на прашалникот;
- ✓ Усогласување на тематските целини во рамки на прашалникот;

[1] Минималниот број на испитаници кој требаше да го сочинува репрезентативниот примерок беше одреден на 1000.

- ✓ Формулирање на прашањата (затворени и отворени прашања);
- ✓ Формулирање на прашањата (во однос на јасност, прецизност, точност, неутралност на прашањата, интерпретацијата на прашањата и времетраењето).

**3) Тестирање (проверка) на прашалникот**

Тестирањето на прашалникот се направи во однос на: јасност, прецизност, точност, неутралност на формулација на прашањата, интерпретацијата на прашањата и времетраењето. Оваа активност се спроведе со фокус група и со десет пробни анкети направени по случаен избор.

**4) Утврдување на финалната верзија на прашалникот за истражувањето**

За потребите на ова истражување беше изготвен прашалник како инструмент со кој се спроведе телефонското истражување. Истражувањето беше спроведено врз база на прашалник во кој беа опфатени прашања поделени во седум тематски целини:

- ✓ Демографски карактеристики на испитаниците во истражувањето;
- ✓ Прашања за увид во личната информираност и ангажираност на испитаниците за членството во задолжителните пензизки фондови;
- ✓ Прашања за увид во степенот на лична информираност и запознаеност на испитаниците за вториот пензиски столб во РМ;
- ✓ Прашања за увид во степенот на лична информираност и запознаеност со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови, како и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва;
- ✓ Прашања за увид и оцена на познавањето на правата и обврските на испитаниците од членувањето во вториот пензиски столб;
- ✓ Прашања за увид и оцена на информираноста и разбирање на податоците преку извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година; поточно и индиректно добивање увид во степенот на ажурираност на личните податоци на испитаниците;
- ✓ Прашање за увид во степенот на информираност на испитаниците за МАПАС, поточно дали и до кој степен испитаниците се информирани за постоењето и работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.

## 1.2. Втора фаза: *Дефинирање и утврдување на примерокот на истражувањето*

За целите на истражувањето беше формиран примерок, за што се користеше *изборна рамка*, која одредуваше кои конкретни случаи од достапната популација ќе бидат опфатени во

примерокот на истражување. Репрезентативниот примерок беше стратификуван според четири демографски карактеристики:

1) Возраст од 18 до 65 години (поделени во десет поединечни возрасни групи);
2) Членство во еден од двата пензиски фонда (НЛБз и КБПЗ);
3) Регионот во кој живеат испитаниците;
4) Тип на членство во пензиските фондови.

Во телефонското истражување, како што беше напоменато на почетокот, беа опфатени вкупно 1103 граѓани на РМ, членови во задолжителните пензиски фондови, кои учествуваа во истражувањето[2]. Примерокот на истражувањето беше формиран по намерен и случаен избор т.е. претставуваше *комбиниран примерок*.

- ✓ ***Намерен избор на испитаници во примерокот:*** Во соработка со МАПАС се доби база на податоци од 9 000 членови, по случаен избор и кои претставуваа „избрана" достапна популација за истражувањето. Од тие 9 000 испитаници понатаму секој од испитаниците по случен избор учествуваше во истражувањето.
- ✓ ***Случаен избор на испитаници во примерокот:*** Во продолжение на истражувањето, примерокот беше формиран по случаен избор – беа анкетирани испитаници од случајно избраните 9 000 испитаници кои во истражувањето претставуваа достапна популација. При тоа се користеа правилата на рендомизација:
  - Во секој чекор од случајниот избор, сите испитаници од достапната популација да имаат подеднаква шанса да бидат избрани во примерокот и
  - Изборот на секој поединечен случај во примерокот (т.е. на секој испитаник) да се спроведува независно од другите случаи.

## 1.3. Трета фаза: *Имплементација на телефонското истражување*

Во третата фаза од истражувањето беа опфатени следните активности:

1) Избор на анкетари.
2) Инструктажа на анкетарите за спроведување на телефонското истражување.
3) Имплементација на истражувањето.

Беше направена селекција на тим од анкетари со повеќегодишно искуство во спроведување на анкети. Спроведувањето на истражувањето се состоеше од собирање на податоци од испитаниците – членови на задолжителните пензиски фондови, преку структуриран прашалник, со примена на телефонско интервју со бројот испитаници утврден во примерокот.

[2] Учеството на секој испитаник поединечно во истражувањето беше доброволно и со лична согласност

## 1.4. Четврта фаза: *Обработка на податоците, анализа и толкување на резултатите од истражувањето*

Последната, четврта фаза од истражувањето, во себе ги содржеше следните активности:

**1) Обработка на податоците од спроведеното истражување**

Активноста подразбираше:

- План и поставување основа за обработка на податоците (избор на соодветни статистички и компјутерски програми, како нпр. SPSS, Exel; изработка на база во која ќе бидат внесувани податоците добиени од истражувањето, соодветно на категориите и подкатегориите направени во подготвителната фаза и соодветно на структурата на прашалникот;
- Внесување на податоците;
- Вкрстување, табелирање и графичко прикажување на податоците т.е. резултатите добиени од истражувањето.

**2) Анализа на податоците од спроведеното истражување**

Во рамки на оваа активност се направи:

- Анализа на добиените резултати во претходната активност;
- Толкување, компарирање и воопштување на податоците.

**3) Завршна анализа (пишување извештај)**

Завршната фаза се состоеше од презентирање на резултатите и заклучоците од истражувањето во облик на извештај.

Во текот на сите фази од истражувањето се запазија утврдениот и дефиниран пристап и методологија.

## 2. АНАЛИЗА И ИНДИКАТИВНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Анализата и индикативните наоди од истражувањето произлегоа од одговорите добиени на прашањата од структурираниот прашалник за телефонското Истражување за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија, согласно утврдената методологија. Генерално, како што беше напоменато и претходно, прашањата во прашалникот беа групирани во седум тематски целини:

1) Демографски карактеристики на испитаниците во истражувањето;
2) Прашања за увид во личната информираност и ангажираност на испитаниците за членството во задолжителните пензиски фондови;
3) Прашања за увид во степенот на лична информираност и запознаеност на испитаниците за вториот пензиски столб во РМ;
4) Прашања за увид во степенот на лична информираност и запознаеност со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови, како и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва;
5) Прашања за увид и оцена на познавањето на правата и обврските на испитаниците од членувањето во вториот пензиски столб;
6) Прашања за увид и оцена на информираноста и разбирање на податоците преку извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година; поточно и индиректно добивање увид во степенот на ажурираност на личните податоци на испитаниците;
7) Последната тематска целина се состоеше само од едно прашање и истото требаше да даде увид за степенот на информираност на испитаниците за МАПАС, поточно дали и до кој степен испитаниците се информирани за постоењето и работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.

Интерпретацијата, анализата, вкрстувањето и воопштувањето на резултатаите се направи согласно оваа поделба на тематските целини утврдени во прашлникот. Во продолжение на овој дел од извештајот следи детална анализа на резултатите од истражувањето добиени согласно наведените тематски целини, како и индикативните наоди од секоја тематска целина одделно.

### 2.1. Демографски карактеристики на примерокот во истражувањето

Примерокот во истражувањето за информираноста и запознаеноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија беше репрезентативен, составен

од од 1103 испитаници. Репрезентативниот примерок беше стратификуван според четири демографски карактеристики:

5) Возраст од 18 до 65 години;
6) Членство во еден од двата пензиски фонда (НЛБз и КБПЗ);
7) Регионот во кој живеат испитаниците;
8) Тип на членство во пензиските фондови.

Следи подетален преглед на примерокот и распределбата на бројот на испитаниците, согласно наведените демографски карактеристики.

### 2.1.1. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ВОЗРАСТА

Во однос на демографската карактеристика *возраст,* примерокот беше стратификуван во 10 возрасни групи; секоја возрасна група опфаќаше испитаници во опсег на возраст (од – до) од пет години, со исклучок на првата (до 20 години) и последната (65 и повеќе години) група.

Според финалните резултати, во рамки на истражувањето имаше речиси рамномерна дистрибуција на бројот на испитаници од четири возрасни групи: на возраст од 31 – 35 години (282 или 25,6% од вкупниот број на испитаници); може да се каже дека една четвртина од вкупниот број на испитаници припаѓаа на оваа возрасна група. Останатите три возрасни групи (26 – 30, 36 – 40 и 41 – 45) во кои реамномерно беа распределени речиси сите преостанати испитаници покажуваат, во речиси идентичен број на испитаници, а тоа е нешто над една петтина од вкупниот број испитаници: 21,7%, 21,8% и 21,6% соодветно (в. Графикон 1).
Во примерокот беа опфатени 25 т.е. 2,3% од вкупниот број испитаници на возраст од 51 до 55 години. Испитаници од возрасната група до 20 години, како и од возрасната група од 56 до 60 години беа застапени со незначителни 0,8% т.е. 0,6% соодветно, од вкупниот број испитаници, додека од возрасните групи од 61 – 64 и 65 и повеќе немаше ниту еден испитаник.

***Графикон 1***
**Приказ на бројот на испитаници според ВОЗРАСТА (во %)**



### 2.1.2. *Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според нивното ЧЛЕНСТВОТО во пензиските фондови*

Во рамки на демографската карактеристика *членство во пензиските фондови*, при истражувањето се запази рамномерна дистрибуција на испитаници – членови во двата задолжителни пензиски фонда во Република Македонија. Согласно на ова, во примерокот на истражувањето беа опфатен речиси ист број на членови или 550 т.е. 49,9 % од НЛБз пензискиот фонд и 553 или 50,1% од КБПз пензискиот фонд. Овој критериум беше утврден како клучен при спроведувањето на истражувањето, со цел да има еднаква застапеност на членовите во давта пензиски фонда; и истиот беше доследно запазен.

***Графикон 2***
**Приказ на бројот на испитаници според ЧЛЕНСТВОТО ВО ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА (%)**




### 2.1.3. *Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според РЕГИОНОТ во кој живеат*

Сосема очекувано, најголем дел од испитаниците во истражувањето беа жители на Скопскиот регион – речиси една третина од вкупниот број испитаници т.е. 356 или 32,3%. Во однос на распределбата на испитаниците по останатите региони речиси како да постои рамномерна распределеност, па така редоследот би бил следен: Пелагониски регион – 127 или 11,5%, Полошки регион – 112 или 10,2%, Вардарски регион – 108 или 9,8%, Источен регион - 107 или 9,7%, Југоисточен регион – исто 107 или 9,7%, Југозападен регион – 104 или 9,4%. Најмал број испитаници имаше од Североисточниот регион – 82 или 7,4%.

***Графикон 3***
**Приказ на бројот на испитаници според РЕГИОНОТ во кој живеат (%)**




### *2.1.4. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ТИПОТ НА ЧЛЕНСТВО во пензиските фондови*

Во однос на карактеристиката *тип на членство* во пензиските друштва, речиси сите испитаници т.е. 1 103 (97,6%) беа членови во пензиските фондови со договор. Незначителен број од 26 испитаници или 2,4% од вкупниот број, беа распределени во пензиските фондови како нивни членови. Согласно ова, може да се констатира дека резултатите добиени во истражувањето се должат речиси целосно на одговорите на членовите во пензиските друштва кои станале членови на истите со потпишување на договор.

***Графикон 4***
**Приказна бројот на испитаници според ТИПОТ НА ЧЛЕНСТВО во пензиските фондови**




## 2.2. Лична информираност и ангажираност на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија за нивното членство

Почетната тематска целина од истражувањето се состоеше од три прашања (в. Анекс 1 „Прашалник за анкета“; Прашање 1 – 3). Одговорите на овие прашања требаше да дадат увид во личната информираност и ангажираност на испитаниците за членството во задолжителните пензиски фондови.

### 2.2.1. Анализа на резултатите за личната информираност и ангажираност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за членството во задолжителните пензизки фондови

Прво и воведно прашање и во истражувањето, но и во првата тематска целина беше *„Дали сте член на некој од задолжителните пензиски фондови?“*. Истото требаше да даде резултати во колкав степен членовите во задолжителните пензиски фондови се запознаени со нивното лично членство т.е. со тоа во кој од двата задолжителни пензиски фондови се членови. Повеќето испитаници (89,5%) одговориле дека се членови на некој од задолжителните пензиски фондови. Сепак се издвојува и значителен процент од испитаниците – 10,5% од вкупниот број испитаници кои одговориле со не/не знам[3] (в. Графикон 5).

***Графикон 5***
**Приказ на бројот на испитаници (%) според одговорите на прашањето *„Дали сте член на некој од задолжителните пензиски фондови?“***




Во продолжение на истражувањето, второто и третото прашање од прашалникот беа поставени само на оние испитаници кои позитивно одговориле на првото прашање (в. Анекс 1 „Прашалник за анкета“; Прашање 1 – 3) поточно, на 89,5% од вкупниот број испитаници. Па така, во продолжение испитаниците кои потврдно одговорија дека се членови на некој од задолжителните пензиски фондови, беа прашани во кој пензиски фонд членуваат. Според добиените одговори, резултатите покажуваат дека 51,7% од испитаниците кои позитивно одговориле на првото прашање (или 46,2% од вкупниот број испитаници) се произнеле како членови на *Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ пензиски фонд Скопје*. Како членови

[3] Колку за споредба, според резултатите од *Истражувањето за степенот на информираност и запознаеноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија со нивните права и придобивки од членството во вториот пензиски столб во РМ* од јуни, 2015, на ова прашање речиси *сите испитаници (96,3%)* одговориле дека се членови на некој од задолжителните пензиски фондови; само *3,7%* од испитаниците одговориле со не/не знам.

на *КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје* се произнеле 38,1% од испитаниците кои позитивно одговориле на првото прашање (или 34,1% од вкупниот број на испитаници), додека 10,2% од испитаниците кои позитивно одговориле на првото прашање (или 9,2% од вкупниот примерок) се произнеле дека не знаат во кој од двата пензиски фондови се членови.

***Табела бр.1***
**Резултати од одговорите на прашањето *„Во кој пензиски фонд сте член?“***

| | | Испитаници | Процент | Точен Процент |
|---|---|---|---|---|
| | Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ пензиски фонд Скопје | 510 | 46,2 | 51,7 |
| | КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје | 376 | 34,1 | 38,1 |
| | Не знам | 101 | 9,2 | 10,2 |
| | **Вкупно** | **987** | **89,5** | **100,0** |
| **Испитаници што одговориле "не/не знам" на П1** | | **116** | **10,5** | |
| **Вкупно** | | **1103** | **100,0** | |

Последното прашање од првата тематска целина на истражувањето се однесуваше на начинот на кој секој од испитаниците станал/а член во соодветниот пензиски фонд. Имено, испитаниците беа прашани дали станале членови во пензиските фондови со потпишување на договор или биле распределени во соодветниот пензиски фонд. Резултатите добиени од одговорите на ова прашање покажуваат дека мнозинството испитаници или поточно 77,7% од нив потпишале договор со пензискиот фонд, а само 6,1% од испитаниците се произнеле дека биле распределени во соодветниот пензиски фонд. Сепак, се издвојува и значителен процент од 16,3% од испитаниците кои одговориле со „не знам“ или не дале одговор за начинот на кој тие станале член во соодветниот пензиски фонд.

***Графикон бр. 6***
**Приказ на бројот на испитаници (%) според одговорите на прашањето *„Дали потпишавте договор со пензискиот фонд или бевте распределени во соодветниот фонд?“***



### 2.2.2. ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за личната информираност и ангажираност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за нивното членство во задолжителните пензиски фондови

Според анализата на одговорите на горенаведените прашања од првата тематска целина, кои требаше да дадат увид во личната информираност и ангажираност на членовите во задолжителните пензиски фондови за нивното членството во истите, произлегуваат следните индикативни наоди:

- ✓ Генерален заклучок е дека постои *солидна* информираност и ангажираност на членовите во задолжителните пензиските фондови во однос на нивното членство во истите.
- ✓ Кај поголемиот дел од членството на двата задолжителни пензиски фондови (89,5%) постои лична информираност и запознаеност за тоа во кој од двата задолжителни пензиски фонда се членови.
- ✓ Значителен процент или 12,1% од членовите на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје (или 6,3% од вкупниот примерок) не се запознати и информирани за личното членство во овој пензиски фонд.
- ✓ Процентот на членовите на Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ пензиски фонд Скопје кои не се информирани и запознати во кој од двата задолжителни пензиски фонда се членови изнесува 8,4% од членството на фондот (или 4,2% од вкупниот примерок).
- ✓ Сумирано, значителен процент од 10,5% од членовите на двата задолжителни пензиски фонда воопшто не се информирани дали се членови на некој од задолжителните пензиски фондови во РМ.
- ✓ Мнозинството членови (77,7%) во двата пензиски фонда склучиле договор со соодветниот пензиски фонд. Сепак, извесен процент од 6,1% од членовите биле распределени во соодветниот задолжителен пензиски фонд т.е. лично не се ангажирале да одберат пензиски фонд во кој би биле член.
- ✓ Значителен процент од 16,3% од членовите во двата пензиски фонда воопшто немаат сознание на кој начин станале член на еден од двата пензиски фондови.

## 2.3. Лична информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија за вториот пензиски столб во РМ

### *2.3.1. Анализа на резултатите за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за вториот пензиски столб во РМ*

Тематската целина од истражувањето која следеше во продолжение на истражувањето, опфаќаше прашања кои требаше да дадат увид во степенот на лична информираност и запознаеност на испитаниците со вториот пензиски столб во РМ (в. Анекс 1 „Прашалник за анкета“; Прашање 4 – 5). Резултатите од оваа тематска целина на крај требаше да дадат кумулиран одговор на секое од прашањата, а секое прашање се состоеше од серија од четири прашања кои покриваа одреден показател за информираноста на испитаниците. Оценувањето се одвиваше според следната табела:

***Табела бр.2***
**Табела за оценување на одговорите (кумулативна оцена)**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Воопшто не е информиран/а и запознат/а<br><br>(сите одговори НЕ или НЕ ЗНАМ) | Делумно е информиран/а и запознат/а<br><br>(еден одговор ДА) | Средно е информиран/а и запознат/а<br><br>(два одговори ДА) | Добро е информиран/а и запознат/а<br><br>(три одговори ДА) | Одлично е информиран/а и запознат/а<br><br>(сите одговри ДА) |

Во продолжение следи детална анализа на одговорите на секое од прашањата, со изведен краен кумулативен наод во однос на степенот на информираност и запознаеност на испитаниците со вториот пензиски столб на РМ.

Оценувањето на личната информираност и запознаеност на испитаниците со вториот пензиски столб во РМ се направи преку одговор на следните прашања, со понудени одговори да, не и не знам:

***Табела бр.3***
**Листа на прашања за оцена на на личната информираност и запознаеност на испитаниците со вториот пензиски столб во РМ**

| | Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| **4.1** | Дали Вие имате индивидуална сметка на која се уплаќаат придонеси за пензиско и инвалидско осигурување - 6% од бруто плата | 1 | 2 | 3 |
| **4.2** | Дали Вашите средствата се инвестираат од страна на пензиското друштво | 1 | 2 | 3 |
| **4.3** | Дали средствата може да ги користите со исполнување на право на пензија | 1 | 2 | 3 |
| **4.4** | Дали задолжителни членови во втор столб се сите осигуреници за прв пат вработени после1.1.2003г. | 1 | 2 | 3 |

Резултатите добиени од одговорите на првото од серијата прашања покажуваат дека малку повеќе од половината од испитаниците – 613 или 55,6% се произнеле позитивно во однос на поседувањето на индивидуална сметка на која се уплаќаат придонесите за пензиско и инвалидско осигурување (6% од бруто плата). Повеќе од една четвртина од испитаниците т.е. 291 или 26,4% воопшто не се информирани или свесни дека поседуваат таква сметка, а речиси една петина т.е. 199 или 18% се произнеле дека воопшто не поседуваат таква сметка.

Второто прашање од оваа серија на прашања се однесуваше на информираноста и запознаеноста на испитаниците за тоа што се случува со нивните средства во пензиските фондови, односно дали имаат сознание дека нивните средства се инвестираат од страна на пензиското друштво. Резултатите добиени од одговорите на ова прашање покажуваат висок процент на испитаници – повеќе од половината или 55,4% кои одговориле *не знам* на ова прашање. Нешто повеќе од една третина или 36,5% од испитаниците одговориле позитивно, а 8,1% од испитаниците одговориле негативно на ова прашање.

Наредното од оваа серија прашања се однесуваше на информираноста и запознаеноста на испитаниците во однос на правото на користење на средствата од вториот пензиски столб т.е. кога истите може да ги користат. Според одговорите, нешто повеќе од една половина или 53,9% од испитаниците одговориле со *да* на прашањето *„Дали средствата може да ги користите со исполнување на право на пензија?“* Доста висок процент од 41,1% од испитаниците се произнеле дека не знаат дали овие средства може да ги користат со исполнување на правото на пензија, а само 5,1% дале негативен одговор на ова прашање.

Последното од оваа серија на прашања во однос на личната информираност и запознаеност на испитаниците со вториот пензиски столб во РМ се однесуваше на информираноста на испитаниците за тоа кои вработени лица се осигуреници во вториот пензиски столб *(„Дали задолжителни членови во втор столб се сите осигуреници за прв пат вработени после 1.1.2003г ?“)* Според добиените одговори, може да се заклучи дека нешто повеќе од една третина или 35% од испитаниците се информирани дека членови на вториот пензиски столб се осигуреници кои за првпат вработени после 01.01.2003 год. Висок процент од 61,2% од испитаниците одговориле со *не знам* на ова прашање, додека незначител процент од 3,8% дале негативен одговор на прашањето.

Во продолжение, во табелата даден е детален, кумулиран преглед на резултатите од одговорите на прашањата за информираноста и запознаеноста на испитаниците со вториот пензиски столб во РМ.

***Табела бр.4***
**Збирен приказ на одговорите на серијата прашања за информираноста и запознаеноста на испитаниците за вториот пензиски столб во РМ**

| | Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| **4.1** | Дали Вие имате индивидуална сметка на која се уплаќаат придонеси за пензиско и инвалидско осигурување - 6% од бруто плата | 55,6% | 18,0% | 26,4% |
| **4.2** | Дали Вашите средствата се инвестираат од страна на пензиското друштво | 36,5% | 8,1% | 55,4% |
| **4.3** | Дали средствата може да ги користите со исполнување на право на пензија | 53,9% | 5,1% | 41,1% |
| **4.4** | Дали задолжителни членови во втор столб се сите осигуреници за прв пат вработени после1.1.2003г. | 35,0% | 3,8% | 61,2% |

Според гореопишаната методологија на оценување, може да се заклучи дека средната оцена за **личната информираност и запознаеност со вториот пензиски столб во РМ** износува **2,81;** тоа значи дека истата *се движи од делумна до средна* информираност и запознаеност на испитаниците со вториот пензиски столб во РМ.

Најголем процент или речиси една третина од испитаниците (31,0%) *воопшто не се* информирани и запознаени со вториот пензиски столб во РМ. Речиси една четвртина или 24,1% се *одлично* информирани и запознаени со вториот пензиски столб во РМ, а една петина или 19,5% се *добро* информирани и запознаени со вториот пензиски столб во РМ. Од вкупниот број испитаници, 15,3% од испитаниците се *делумно,* а 10,1% се *многу добро* информирани и запознаени со вториот пензиски столб во РМ (в. Графикон 7).

***Графикон бр.7***
**Оценување на личната информираност и запознаеност на членовите со вториот пензиски столб во РМ (%)**



Последното прашање од тематската целина за информираноста и запознаеноста на испитаниците за вториот пензиски столб во РМ, се однесуваше на начините на кои испитаниците се информираат за истиот. Па така, според резултатите добиени од одговорите на прашањето, во најглем процент – 40,6% испитаници одговориле со *не знам* или немале одговор за тоа како лично се информираат за вториот пензиски столб. По една четвртина т.е. 26,9% и 25,2% одговориле дека се информираат преку *агент или филијала на Тутунска банка и Комерцијална банка* т.е. *преку интернет,* соодветно. Само 3,3% од испитаниците се информираат за вториот пензиски столб *преку телефонско јавување во МАПАС и пензиските друштва*.

***Графикон бр.8***
**Приказ на бројот на испитаници (5) според одговорите на прашањето *„На кој начин Вие лично, се информирате за вториот пензиски столб?“***




## 2.3.2. *ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за вториот пензиски столб во РМ*

Согласно анализата на одговорите на горенаведените прашања и користената методологија на кумулативна оцена, се доби увид во личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за вториот пензиски столб во РМ, од кој произлегоа следните индикативни наоди:

- ✓ Кај членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ, постои *делумна до средна* лична информираност и запознаеност со вториот пензиски столб во РМ.

- ✓ Најголем процент (65%) од членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ *покажуваат неинформираност* во однос на тоа кои осигуреници се членови во вториот пензиски столб во РМ.
- ✓ Повеќе од една половина од членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ (55,4%) *воопшто не знаат и не се информирани* дали нивните средства се инвестираат од страна на пензиското друштво т.е. што се случува со нивните средства издвоени во вториот задолжителен пензиски столб.
- ✓ Висок процент на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ (46,2% = 41,1% не знаат, а 5,1% одговориле со не) не се информирани дека средствата од вториот задолжителен пензиски столб можат да ги користат со исполнување на право на пензија (или по наполнување 65 години старост).
- ✓ Висок процент од 44,4% од членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ не се информирани дека 6% од бруто плата се уплатува во задолжителниот пензиски фонд каде што осигурениците се членови (26,4% одговориле не знам, а 18,0% одговориле не).
- ✓ Кај 40,6% од членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ воопшто не постои навика за информирање за вториот пензиски столб во РМ.
- ✓ Вообичено користени извори на информирање за вториот пензиски столб во РМ кои ги користат членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ се *агентите или филијалите на Тутунска банка и Комерцијална банка* и *интернетот* (26,9% и 25,2% соодветно).
- ✓ Многу мал дел од членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ (3,3%) се информираат за вториот пензиски столб преку телефонско јавување во МАПАС и пензиските друштва.

## 2.4. Лична информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва

### *2.4.1. Анализа на резултатите за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва*

Во овој дел од истражувањето, поточно во оваа тематска целина беа опфатени прашања кои требаше да дадат увид во степенот на лична информираност и запознаеност на испитаниците

со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови, како и во личното задоволство на испитаниците од работата/услугите на пензиските друштва во РМ (в. Анекс 1 „Прашалник за анкета“; Прашање 6). Слично како и во претходната тематска целина, така и тука резултатите требаше да дадат кумулиран одговор на прашањето, кое пак се состоеше од серија од четири прашања за одделни показатели за информираноста на испитаниците. Оценувањето повторно се одвиваше според истата претходно спомената табела (в. Табела бр 2).

Во продолжение следи детална анализа на одговорите на секое од прашањата, со изведен краен кумулативен наод во однос на степенот на информираност и запознаеност на испитаниците со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и како и во личното задоволство на испитаниците од работата/услугите на пензиските друштва во РМ.

Оценувањето на личната информираност и запознаеност на испитаниците со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва во РМ се направи преку одговор на прашања, со понудени одговори да, не и не знам. Резултатите од одговорите на истите се прикажани во продолжение (в.Табела бр.5).

***Табела бр.5***

**Збирен приказ на одговорите на серијата прашања за информираноста и запознаеноста на испитаниците со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва во РМ**

| | Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| **6.1** | Дали Вашите средствата се инвестираат од страна на пензиското друштва во домашни и странски финансиски инструменти и вие остварувате принос | 28,0% | 7,8% | 64,2% |
| **6.2** | Дали пензиското друштво има обврска да Ви испраќа извештај за пензиска заштеда во зелен плик еднаш во годината | 65,1% | 6,7% | 28,2% |
| **6.3** | Дали имате електронски пристап до вашата инивидуална сметка, во секое време | 48,9% | 17,2% | 33,9% |
| **6.4** | Дали пензиското друштво навремено одговара на сите ваши барања | 40,2% | 4,6% | 55,2% |

Резултатите од одговорите на првото од серијата прашања покажуваат дека речиси две третини или 64,2% од испитаниците воопшто не знаат т.е. не се информирани дали нивните средствата се инвестираат од страна на пензиското друштва во домашни и странски финансиски инструменти и дали тие лично остваруваат принос. Само 28,0% од испитаниците одговориле позитивно на ова прашање.

Во однос на прашањето дали пензиското друштво има обврска да испраќа извештај за пензиската заштеда во зелен плик еднаш во годината на секој член, речиси две третини од

испитаниците или 65,1% одговориле позитивно, а 28,2% одговориле со *не знам* во однос на ова прашање.

Третото прашање од оваа серија требаше да даде увид колку во можноста за информирање преку електронскиот пристап во индивидуалната сметка на членовите, толку и во навиките на членовите да си ја проверуваат електронски својата индивидуална сметка. Според одговорите, резултатите покажуваат дека:

- Речиси една половина од испитаниците (48,9%) се произнеле позитивно т.е. изјавиле дека имаат електронски пристап до својата инивидуална сметка, во секое време.
- Една третина или 33,9% од испитаниците на ова прашање одговориле со *не знам* што наведува на заклучокот дека најверојатно овие испитаници не се ни обиделе електронски да пристапат до својата индивидуална сметка.

Слично како и претходното прашање, така и последното прашање од оваа серија беше поставено со двојна цел: колку да се добие увид во навременоста на одговарање на пензиските друштва на барањата на членовите, толку и да се добие увид во степенот на побарувања од страна на членовите кон пензиските друштва. Во однос на ова прашање и неговите цели, резултатите го покажаа следното:

- Повеќе од една половина или 55,2% од испитаниците не знаат дали пензиските друштва одговараат навремено на нивните барања. Ова наведува на заклучок дека најверојатно овие членови воопшто не поднеле некакво барање т.е. немаат искуство во поднесување барања до пензиските друштва.
- Солиден процент од испитаниците 44,8% имале некакво барање/а кон пензиските друштва. Од нив 40,2% одговориле позитивно во однос на прашањето *„Дали пензиското друштво навремено одговара на сите ваши барања?“* а 4,6% одговориле негативно на истото.

Според гореопишаната методологија на оценување, може да се заклучи дека средната оцена за **информираноста и запознаеноста на испитаниците со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва во РМ** изнесува **2,82;** тоа значи дека истата *се движи од делумна до средна* информираност и запознаеност на испитаниците.

Најголем процент од испитаниците (29,3%) *воопшто не се* информирани и запознаени со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и со работата/услугите на пензиските друштва во РМ. Повеќе од една петтина или 22,4% се *одлично* информирани и запознаени со

улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и со работата/услугите на пензиските друштва во РМ, речиси една петина или 18,5% се *делумно* се информирани и запознаени со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и со работата/услугите на пензиските друштва во РМ. Од вкупниот број испитаници, 15,3% од испитаниците се *добро,* а 14,4% се *многу добро* информирани и запознаени со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и со работата/услугите на пензиските друштва во РМ.

***Графикон бр. 9***
**Оцена на лична информираност и запознаеност со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и на задоволството од работата/услугите на пензиските друштва (%)**




### 2.4.2. *ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и личното задоволство од работата/услугите на пензиските друштва*

Од анализата на одговорите на горенаведената серија на прашања и користената методологија на кумулативна оцена, се доби увид во степенот на лична информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови, но и во личното задоволство на членовите во задолжителните пензиски фондови од работата/услугите на пензиските друштва во РМ. Од резултатите произлегоа следните индикативни наоди:

- ✓ Кај членовите во задолжителните пензиски фондови, постои *делумна до средна* лична информираноста и запознаеност со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови.
- ✓ Согласно на претходниот наод, и личното задоволство на членовите во задолжителните пензиски фондови од работата/услугите на пензиските друштва во РМ може да се оцени со иста оцена, но сепак оцената доминантно е резултат на високиот процент на општата неинформираност на членовите со улогата и работата/услугите на пензиските друштва РМ.

- Информираност и познавање во однос на обврската на пензиското друштво да испраќа извештај за пензиската заштеда во зелен плик еднаш во годината на секој член, постои кај речиси две третини (или 65,1%)[4] од членовите во задолжителните пензиски фондови. Сепак висок процент од 28,2% од членовите во задолжителните пензиски фондови не се информирани за оваа услуга на пензиските друштва, а 17,2% од членовите сметаат дека испраќањето на извештај за пензиска заштеда во зелен плик еднаш во годината не е обврска на пензиските друштва во РМ.
- Речиси две третини или 64,2% од членовите во задолжителните пензиски фондови воопшто не знаат т.е. не се информирани за тоа дали нивните средствата се инвестираат од страна на пензиското друштва во домашни и странски финансиски инструменти и дали тие лично остваруваат принос.
- Речиси една половина од членовите во задолжителните пензиски фондови (48,9%)[5] сметаат дека имаат електронски пристап до својата инивидуална сметка, во секое време. Но, 17,2% од членовите имаат спротивно мислење, поточно сметаат дека немаат електронски пристап до својата инивидуална сметка, во секое време.
- Една третина или 33,9% од членовите во задолжителните пензиски фондови немаат сознание дали имаат електронски пристап до својата инивидуална сметка, во секое време. Тоа наведува на заклучок дека најверојатно овие членови не се обиделе електронски да пристапат до својата индивидуална сметка.
- Повеќе од една половина или 55,2% од членовите во задолжителните пензиски фондови не знаат дали пензиските друштва одговараат навремено на нивните барања. Ова наведува на заклучок дека најверојатно овие членови воопшто не поднеле некакво барање т.е. немаат искуство во поднесување барања до пензиските друштва.
- Солиден процент од членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ, 44,8% имале некакво барање/а кон пензиските друштва. Од нив 40,2% имале позитивно искуство во однос на навременото одговарање од страна на пензиските друштва, додека 4,6% од членовите имале негативно искуство во однос на навременото одговарање од страна на пензиските друштва.
- Кумулативно најслаба информираност кај членовите во задолжителните пензиски фондови постои за инвестирање на средствата од страна на пензиското друштва во домашни и странски финансиски инструменти и за остварувате принос врз таа основа (28% од

[4] Од нив 29,7% се членови од Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ пензиски фонд Скопје, а 35,4% од КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје.
[5] Од нив 21,7% се членови од Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ пензиски фонд Скопје, а 27,2% од КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје.

членовите), а највисока информираност (65,1%) покажуваат за обврската на пензиските друштва да испраќаат извештај за пензиска заштеда во зелен плик еднаш во годината на секој член.

## 2.5. Оцена за информираноста и запознаеноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија за правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ

### *2.5.1. Анализа на резултатите за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ за правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ*

Во наредната тематска целина од истражувањето во продолжение на истото, беа опфатени серија прашања за добивање **увид и оцена на познавањето на правата и обврските на членовите во задолжителните пензиски фондови од членувањето во втор столб во РМ** (в. Анекс 1 „Прашалник за анкета“; Прашање 7). И во овој случај, резултатите од оваа тематска целина на крај требаше да дадат кумулиран одговор на едно прашање, а истото се состоеше од серија од четири прашања кои покриваа одреден показател за информираноста на испитаниците. Оценувањето се одвиваше според истата табела на оцена од 1 до 5 (в.Табела бр.2).

Увидот и оценувањето на степенот на познавање на правата и обврските на членовите во задолжителните пензиски фондови од членувањето во втор столб во РМ се направи преку одговор на прашања, со понудени одговори: да, не и не знам. Резултатите од одговорите на истите се прикажани во продолжение (в.Табела бр.6).

***Табела бр.6***
**Збирен приказ на одговорите на серијата прашања за оцена на познавањето на правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ**

| | Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| **7.1** | Дали секој нов осигуреник има право да склучи договор за членство со пензиско друштво по негов избор во рок од 3 месеци после првото вработување | 33,1% | 6,7% | 60,2% |
| **7.2** | Дали имате право да преминете во друг задолжителен пензиски фонд | 40,4% | 7,1% | 52,5% |
| **7.3** | Дали Вашите средства се наследни | 36,8% | 9,7% | 53,5% |
| **7.4** | Дали имате право на избор на видот на исплата на пензија од втор столб (програмирани повлекувања или ануитет) | 37,5% | 5,3% | 57,1% |

Првото од серијата четири прашања во оваа тематска целина за познавањето на правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб, гласеше: *„Дали секој нов осигуреник*

*има право да склучи договор за членство со пензиско друштво по негов избор во рок од 3 месеци после првото вработување?“* Како што може да се види од резултатите добиени од одговорите на ова прашање, мнозинството испитаници или 60,2% не знаеле да одговорат на ова прашање. Одговор дале вкупно 39,8% од испитаниците и тоа 33,1% или една третина од вкупниот број испитаници дале позитивен, а 6,7% од нив дале негативен одговор.

За да се оцени информираноста на испитаниците за нивното право да преминат од еден во друг задолжителен пензиски фонд, им беше поставено прашањето: *„Дали имате право да преминете во друг задолжителен пензиски фонд?“* На ова прашање на знаеле да одговорат повеќе од половината или 52,5% од испитаниците. Позитивно одговориле 40,4% од испитаниците, а негативен одговор дале 7,1% од испитаниците.

Во однос на информираноста на испитаниците за правото на наследност на нивните средства, исто така висок процент од 53,5% што е нешто повеќе од половината испитаници одговориле дека не знаат дали нивните средства се наследни. Нешто повеќе од третина од испитаниците или 36,8% одговориле дека нивните средства се наследни, а 9,7% одговориле дека нивните средства не се наследни.

Последното прашање од оваа серија гласеше: *„Дали имате право на избор на видот на исплата на пензија од втор столб (програмирани повлекувања или ануитет)?“* а резултатите добиени врз основа на одговорите на истото се следни: 57,1% од испитаниците не знаеле дали го имаат ова право како членови во задолжителните пензиски фондови; 37,5% од испитаниците одговориле позитивно во однос на ова прашање, а 5,3% од испитаниците одговориле негативно.

Средната оцена за **познавањето на правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ** изнесува **2,48;** тоа значи дека постои *делумно* познавањето на правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ од страна на испитаниците.

Најголем процент од испитаниците (46,7%) *воопшто не се* информирани и запознаени со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ. Повеќе од една петтина или 21,7% се *одлично* информирани и запознаени со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ; 12,1% се *добро* информирани и запознаени со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ; 10,8% од испитаниците се *делумно,* а 8,7% се *многу добро* се информирани и запознаени со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ.

***Графикон бр. 10***
**Оцена за информираност и запознаеност со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ (%)**




### *2.5.2. ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за личната информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ*

Од резултатите од горенаведената серија на прашања и користената методологија на кумулативна оцена, се доби увид во степенот на лична информираност и запознаеност на членовите во задолжителните пензиски фондови со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ, односно произлегоа следните индикативни наоди:

- ✓ Членовите во задолжителните пензиски фондови, *делумно* се информирани и запознати со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб.
- ✓ Помалку од половината од членовите во задолжителните пензиски фондови (46,7%) *воопшто не се* информирани и запознаени со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ. Повеќе од една петтина или 21,7% се *одлично* информирани и запознаени со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ.
- ✓ Во однос на правото секој нов осигуреник да склучи договор за членство со пензиско друштво по негов избор во рок од 3 месеци после првото вработување, мнозинството членови во задолжителните пензиски фондови (60,2%) воопшто не се информирани ниту го знаат истото. Информираност за ова право постои кај 33,1% или една третина од вкупниот број членови во задолжителните пензиски фондови во РМ.

- ✓ Повеќето или 59,6 % (52,5% не знаат, а 7,1% сметаат дека не постои ова право[6]) од членовите на задолжителните пензиски фондови во РМ не се информирани и запознати со правото да преминат од еден во друг задолжителен пензиски фонд. За ова право информирани и запознаени се 40,4% од членовите на задолжителните пензиски фондови во РМ.
- ✓ Мнозинството или 63,2% (53,5% не знаат, а 9,7% сметаат дека не постои ова право) од членовите на задолжителните пензиски фондови во РМ не се информирани и запознати со правото на наследност на средствата на пензиската сметка[7]. За ова право на наследност на средствата од пензиската сметка информирани се нешто повеќе од една третина или 36,8% од членовите на задолжителните пензиски фондови во РМ.
- ✓ И во однос на правото на избор на видот на исплата на пензија од втор столб (програмирани повлекувања или ануитет) мнозинството или 62,4% (57,1% не знаат, а 5,3% сметаат дека не постои ова право) не се информирани и запознаени со истото. Запознаеност и информираност со ова право постои кај 37,5% од членовите во двата задолжителни пензиски фондови во РМ.

## 2.6. Увид и оцена за информираноста и разбирањето на податоците во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година од членувањето во вториот пензиски столб во РМ

### *2.6.1. Анализа на резултатите за информираноста и разбирањето на подтоците во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година*

Во претпоследната тематска целина од истражувањето, се содржеа прашања за увид и оцена на информираноста и разбирање на податоците преку извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година; поточно и индиректно добивање увид во степенот на ажурираност на личните податоци на испитаниците (в. Анекс 1 „Прашалник за анкета“; Прашање 8 -10). Целината содржеше едно филтер прашање, едно прашање составено од

[6] Може да се премине од еден во друг задолжителен пензиски фонд (кој го управува друго пензиско друштво). За да се премине од еден во друг задолжителен пензиски фонд, треба да се потпише договор за премин и изјава за согласност за премин. Доколку членството во постојниот фонд е пократко или еднакво на 720 дена, треба да се плати надоместок за премин, а доколку периодот на членство е подолг од 720 дена, преминот е бесплатен.

[7] Средствата од индивидуалната сметка на починатиот член се наследни, со исклучок во случај кога починатиот член има членови на семејството кои имаат стекнато право на семејна пензија во согласност со Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Во таков случај институционално се врши проверка од кој пензиски столб семејната пензија би била повисока. Доколку пресметката на семејната пензија е повисока од Вториот столб, членовите на семејството кои остваруваат право на семејна пензија имаат право да се откажат од семејната пензија од Првиот столб и да користат, единствено, семејна пензија од Вториот столб.

серија на прашања за кумулиран одговор на истото и едно дополнително прашање како надоврзување на првото филтер прашање.

На почеток од оваа тематска целина, испитаниците беа прашани дали ги добиле извештаите извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година. На ова прашање позитивно одговориле повеќето испитаници или поточно 81,1% од испитаниците. Од нив, мнозонството (78,8%) се изјасниле дека известувањето го добиле во форма на зелен плик, а само 2,4% се изјасниле дека извештајот го добиле во електронска форма. Значителен процент или речиси една петтина од испитаниците – 18,9% не го добиле извештајот за 2017 година.

***Графикон бр. 11***

**Приказ на бројот на испитаници (%) според одговорите на прашањето *„Дали ги добивте извешатите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година?“***




Испитаниците кои се изјасниле дека не го добиле извештајот за 2017 година (18,9% од вкупниот број испитаници) беа прашани за нивно мислење зошто т.е. која е причината поради која не ги добиле извештаите. Во најголем процент од нив - 78,8% (или 14,9% од вкупниот примерок) одговориле дека не ја знаат причината. Неажурираните контакт податоци ги навеле како причина 10,6% од испитаниците кои не ги добиле извештаите (или 2% од вкупниот број испитаници), проблемот со достава била наведена како причина за недобивање на извештаите само од 4,3% испитаници (или 0,8% од вкупниот број испитаници).

***Табела бр. 7***

**Резултати од одговорите на прашањето: *„Која е причината што не сте добиле извештаите во зелен плик или електронска форма?“***

| | | Испитаници | Процент | Точен Процент |
|---|---|---|---|---|
| | Проблем со достава | 9 | ,8 | 4,3 |
| | Неажурирани контакт податоци | 22 | 2,0 | 10,6 |
| | Друго | 13 | 1,2 | 6,3 |
| | Не знам | 164 | 14,9 | 78,8 |
| | **Вкупно** | **208** | **18,9** | **100,0** |
| | **Испитаници што добиле извештаи** | **895** | **81,1** | |
| **Вкупно** | | **1103** | **100,0** | |

Серијата од прашања за добивање на поединечна и кумулативна оцена за увид и оцена на информираноста и разбирање на податоците преку извештаите (во зелен плик или во електронска форма се прикажани во табелата подолу, заедно со резултатите добиени од одговорите на истите (в. Табела бр.8) Инаку овие прашања беа поставени на испитаниците кои одговорија дека ги добиле извештаите за 2017 година (81,1% од вкупниот број на испитаници)

***Табела бр.8***
**Збирен приказ на одговорите на серијата прашања за оцена на познавањето на правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб во РМ**

| | Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| **9.1** | Дали знаете колку средства имате на вашата индивидуална сметка? | 55,6% | 17,4% | 26,9% |
| **9.2** | Дали друштвото наплатува надоместок од придонеси и надоместок за управувањето со средствата? | 33,0% | 11,5% | 55,5% |
| **9.3** | Дали ја следите сметководствената единица на вашиот пензиски фонд? | 31,5% | 33,2% | 35,3% |
| **9.4** | Дали следите колкав дел од средствата на вашиот пензиски фонд се инвестирани во обврзници, акции, банкарски депозити, итн.? | 29,1% | 32,2% | 38,8% |

Од одговорите на прашањате *„Дали знаете колку средства имате на вашата индивидуална сметка?“* се добија резултатит кои покажуваат дека повеќе од половината испитаници кои ги добиле извештаите за 2017 година – 55,6% (или 45,1% од вкупниот примерок) одговориле позитивно т.е. дека знаат колку средства имаат на својата индивидуална сметка. Повеќе од една четвртина од испитаници кои ги добиле извештаите за 2017 година – 26,9% (или 21,8% од вкупниот примерок) одговориле со не знам, а 17,4% од нив (или 14,1% од вкупниот примерок) одговориле дека немаат сознание колку средства имаат на индивидуалната сметка.

Во продолжение, на наредното прашање кое се однесуваше на информираноста или сознанието на испитаниците дали друштвото наплатува надоместок од придонеси и надоместок за управувањето со средствата, повеќе од половина или 55,5% (т.е. 45,1% од вкупниот примерок) не знаеле да одговорат на ова прашање. Една третина или 33,3% (поточно 26,7% од вкупниот примерок) одговориле позитивно на ова прашање, а 11,5% (или 9,3% од вкупниот примерок) одговориле негативно.

Во однос на резултатите добиени од одговорите на прашањето: *„Дали ја следите сметководствената единица на вашиот пензиски фонд?“* има речиси рамномерна дистрибуција во одговорите. Па така, 35,3% од испитаниците (или 28,6% од вкупниот примерок) одговориле со не знам, 33,3% (или 26,9% од вкупниот примерок) одговориле со не, а 31,5% (или 25,6% од вкупниот примерок) одговориле со да.

Во однос на навиките на испитаниците да следат колкав дел од средствата на нивниот пензиски фонд се инвестирани во обврзници, акции, банкарски депозити, итн, само 29,1% од нив (или 23,6% од вкупниот примерок) изјавиле дека го прават тоа. Нешто помалку од една третина или 32,2% (т.е. 26,1% од вкупниот примерок) изјавиле дека не го прават тоа, а значителен процент од 38,8% (или 31,5% од вкупниот примерок) одговориле со не знам.

Средната оцена **за информираноста и разбирањето на податоците во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година** изнесува **2,49;** тоа значи дека постои *делумно* информираност и разбирање на податоците во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година.

Најголем процент од испитаниците (41,2%) *воопшто не се* информирани и не ги разбираат податоците во извештаите. Речиси една четвртина или 24,7% се *одлично* информирани и ги разбираат податоците во извештаите; 22,0% се *делумно* информирани и ги разбираат податоците во извештаите; 7,8% од испитаниците *добро,* а 4,2% *многу добро* се информирани и ги разбираат податоците во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година.

***Графикон бр. 12***
**Оцена за информираност и разбирање на податоците во извештаите (во зелен плик или електронска форма) за 2017 година (%)**




### *2.6.2. ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за информираноста и разбирањето на податоците во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година*

На ист начин како и претходно, од резултатите од горенаведената серија на прашања и користената методологија на кумулативна оцена, се доби увид во степенот на лична информираност и разбирањето на податоците во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година, односно произлегоа следните индикативни наоди:

- ✓ Во однос на доставата на извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година, доминантно членовите извештаите ги добиваат во форма на зелен плик (78,8% од членовите).
- ✓ Значителен процент или речиси една петтина од испитаниците – 18,9% не го добиле извештајот за 2017 година во ниту една форма (ниту во зелен плик ниту во електронска форма)[8].
- ✓ Членовите на задолжителните пензиски фондови кои не ги добиле своите извештаи не можат да ја лоцираат причина поради која не ги добиваат своите извештаи (78,8% одговориле со не знам). Само 10,6% од нив (што е 2% од вкупниот број членови) сметаат дека причина поради која не ги добиваат своите извештаи е неажурираноста на контакт податоците на членовите.
- ✓ Членовите во задолжителните пензиски фондови, *делумно* се информирани и ги разбираат податоците кои се содржани во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година.
- ✓ Од членовите кои ги добиле извештаите за 2017 година, 41,2 *воопшто не се* информирани и не ги разбираат податоците во извештаите. Речиси една четвртина од членовите кои ги добиле извештаите или 24,7% се *одлично* информирани и ги разбираат податоците во извештаите; а повеќе од една петтина од нив или 22,0% се *делумно* информирани и ги разбираат податоците во извештаите;
- ✓ Околу половина од членовите на задолжителните пензиски фондови (55,6% од членовите кои ги добиле извештаите или 45,1% од вкупниот број на членови) информирани се и знаат колку средства имаат на својата индивидуална сметка.
- ✓ Една третина од членовите кои ги добиваат годишните извештаи или 33,3% (поточно 26,7% од вкупниот број членови) се информирани дали друштвото наплатува надоместок од придонеси и надоместок за управувањето со средствата. Од друга страна пак, висок процент од членовите (67% или 54,4% од вкупниот број членови) не се информирани за истото. Поточно повеќе од половина или 55,5% (т.е. 45,1% од вкупниот број членови) не знаат дали друштвото наплатува надоместок од придонеси и надоместок за управувањето со средствата, а 11,5% (или 9,3% од вкупниот примерок) сметаат дека не наплатува.

---

[8] Колку за споредба, според резултатите од *Истражувањето за степенот на информираност и запознаеноста на членовите во задолжителните пензиски фондови во Република Македонија со нивните права и придобивки од членството во вториот пензиски столб во РМ* од јуни, 2015, овој процент на членови е речиси ист т.е. Една петина од членовите на вториот пензиски столб во РМ (20,8%) не ги добиле своите извештаи од пензиските друштва.

- ✓ Речиси една третина од членовите кои ги добиваат своите годишни извештаи од пензиските друштва – 31,5% (или 25,6% од вкупниот број на членови) ја следат сметководствената единица на нивниот пензиски фонд. Останатиот поголем дел од членството:
  - или не знаат што значи тоа (35,3% од членовите кои ги добиваат годишните извештаи или 28,6% од вкупниот број на членови);
  - или воопшто не ја следат сметководствената единица на нивниот пензиски фонд (33,3% од членовите кои ги добиваат годишните извештаи или 26,9% од вкупниот број членови).
- ✓ Во однос на навиките на членовите на задолжителните пензиски фондови да следат колкав дел од средствата на нивниот пензиски фонд се инвестирани во обврзници, акции, банкарски депозити, итн, само 29,1% од нив (или 23,6% од вкупниот број членови) го прават тоа. Останатиот поголем дел од членството:
  - или не разбира што значи тоа (38,8% или 31,5% од вкупниот број членови) одговориле со не знам;
  - или воопшто не следат колкав дел од средствата на нивниот пензиски фонд се инвестирани во обврзници, акции, банкарски депозити, итн (32,2% т.е. 26,1% од вкупниот број членови).

## 2.7. Увид и оцена за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови за Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС

### *2.7.1. Анализа на резултатите за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови за МАПАС*

Последната тематска целина се состоеше само од едно прашање и истото требаше да даде увид за степенот на информираност на испитаниците за МАПАС, поточно дали и до кој степен испитаниците се информирани за постоењето и работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС (в. Анекс 1 „Прашалник за анкета“; Прашање 11).

Прашањето беше прилично едноставно: *„Дали знаете која Агенција врши супервизија на пензиските друштва и пензиките фондови и ги штити вашите права и интереси како членови?“* на кое испитаниците требаше да го дадат одговорот кој ќе укажеше на степенот на

нивна иформираност за постоењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС.

Од добиените одговори произлегоа резултати кои покажуваат дека мнозинството испитаници или 87,4% воопшто не се информирани и запознати со постоењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС. Само 12,6% од испитаниците одговориле дека Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС врши супервизија на пензиските друштва и пензиките фондови и ги штити правата и интересите на членовите.

***Графикон бр. 13***
**Приказ на бројот на испитаници (%) според одговорите на прашањето *„Дали знаете која Агенција врши супервизија на пензиските друштва и пензиските фондови и ги штити правата и интересте на членовите?“***




### 2.7.2. *ИНДИКАТИВНИ НАОДИ за информираноста на членовите во задолжителните пензиски фондови за МАПАС*

Во контекст на информираноста и запознаеноста членовите во задолжителните пензиски фондови за МАПАС во рамки на пензискиот систем на РМ, ги издвојуваме следните индикативни наоди:

- ✓ Доминантно голем дел од осигурениците (членовите на задолжителните пензиски фондови во РМ) - 87,4% воопшто не е информиран и запознаен со улогата и работата на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување - МАПАС.
- ✓ Постои делумна информираност кај мал дел од членството (12,6%) со улогата и работата на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување - МАПАС.

# 3. ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

| | |
|---|---|
| **1) ЗАКЛУЧОК** | Генерален заклучок е дека постои *солидна* информираност и ангажираност на членовите во задолжителните пензиските фондови во однос на нивното членство во истите.<br>Кај поголемиот дел од членството на двата задолжителни пензиски фондови постои лична информираност и запознаеност за тоа во кој од двата задолжителни пензиски фонда се членови. |
| **1) ПРЕПОРАКА** | Да се планираат и спроведуваат мерки и активности за директно, поголемо, подостапно, соодветно, разбирливо, сѐопфатно и континуирано информирање на членството за пензиските фондови, како и за начините на нивно вклучување во истите.<br>Целта на овие мерки и активности би била зголемување на бројот на информирани членови за пензиските фондови, но и поттикнување на поголема ангажираност на членовите во задолжителните пензиски фондови повеќе да се информираат и запознаат со пензиските фондови. |

| | |
|---|---|
| **2) ЗАКЛУЧОК** | Членовите во задолжителните пензиски фондови во РМ, се *делумно до средно* информирани и запознаени со вториот пензиски столб во РМ.<br>Членовите во задолжителните пензиски фондови, *делумно* се информирани и запознати со правата и обврските од членувањето во вториот пензиски столб. |
| **2) ПРЕПОРАКА** | Да се планираат и спроведуваат мерки и активности за поголема ангажираност на пензиските друштва, во однос на начините на информирање и достапност на услугите до директните корисници т.е. членовите, како и за начините за комуникација со своето членство.<br>Целта на овие мерки и активности би била зголемување на достапноста на услугите до населението, но и зголемување на информираноста на членовите на задолжителните пензиски фондови за вториот пензиски столб во РМ и со нивните права кои |

| | |
|---|---|
| | произлегуваат од членството во вториот пензиски столб во РМ. |

| | |
|---|---|
| **3) ЗАКЛУЧОК** | Кај членовите во задолжителните пензиски фондови, постои *делумна до средна* лична информираноста и запознаеност со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови. |
| **3) ПРЕПОРАКА** | Да се продолжи позитивниот тренд на мерки и активности за поттикнување на информираноста, со воведување на модификации, нови начини на информирање кои ќе овозможат поголем опфат на членството и кои ќе овозможат воспоставување нови канали за комуникација со членовите во задолжителните пензиски фондови.<br>Целта на овие мерки и активности би била зголемување на комуникацијата на пензиските фондови и друштва со своите членови и директно поголемо влијание врз информираноста на членството. |

| | |
|---|---|
| **4) ЗАКЛУЧОК** | Членовите во задолжителните пензиски фондови, *делумно* се информирани и ги разбираат податоците кои се содржани во извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година. |
| **4) ПРЕПОРАКА** | Да се продолжи позитивниот тренд на информирање на членството со годишни извештаи (во зелен плик или во електронска форма) со поедноставеност во приказите и информациите т.е. истите да бидат подостапни и поразбирливи за членовите на задолжителните пензиски фондови.<br>Целта на овие мерки би била поголема и посеопфатна информираност, но и ангажираност за информираност на членовите за нивните средства. |

| | |
|---|---|
| **5) ЗАКЛУЧОК** | Доминантно голем дел од осигурениците (членовите на задолжителните пензиски фондови во РМ) - 87,4% воопшто не е |

| | |
|---|---|
| | информиран и запознаен со улогата и работата на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување - МАПАС. |
| **5) ПРЕПОРАКА** | Да се планираат и спроведуваат мерки и активности за поголема ангажираност на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување - МАПАС, во однос на начините на информирање и достапност на услугите до директните корисници т.е. членовите, како и за начините за комуникација со членовите на пензиските фондови.<br>Целта на овие мерки и активности би била зголемување на информираноста на членовите на пензиските фондови за Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување – МАПАС, со нејзината улога и работење, а со крајна цел унапредување на правата и услугите на членството во вториот пензиски столб во РМ. |

## АНЕКС – Прашалник за анкета

**1. Дали сте член на некој од задолжителните пензиски фондови?**

| 1 | 2 |
|---|---|
| Да | Не / Не знам<br>(ПРЕМИНИ на 4) |

**2. Во кој пензиски фонд сте член? (со можност да се потсети членот дека пензиски фондови се НЛБз и КБПз)**

1. (НЛБ банка) Отворен задолжителен пензиски фонд НЛБ пензиски фонд Скопје
2. (КОМЕРЦИЈАЛНА банка) КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје
3. Не знам (ПРЕМИНИ на 4)

**3. Дали потпишавте договор со пензинскиот фонд или бевте распределени во соодветниот фонд?**

1. со договор
2. распределен
3. не знам

**4. Оценување на лична информираност и запознаеност со вториот пензиски столб во РМ (од 1 до 5)**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Воопшто не е информиран/а и запознат/а<br><br>(сите одговори НЕ или НЕ ЗНАМ) | Делумно е информиран/а и запознат/а<br><br>(еден одговор ДА) | Средно е информиран/а и запознат/а<br><br>(два одговори ДА) | Добро е информиран/а и запознат/а<br><br>(три одговори ДА) | Одлично е информиран/а и запознат/а<br><br>(сите одговри ДА) |

| | Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Дали Вие имате индивидуална сметка на која се уплаќаат придонеси за пензиско и инвалидско осигурување - 6% од бруто плата | 1 | 2 | 3 |
| 4.2 | Дали Вашите средствата се инвестираат од страна на пензиското друштво | 1 | 2 | 3 |
| 4.3 | Дали средствата може да ги користите со исполнување на право на пензија | 1 | 2 | 3 |
| 4.4 | Дали задолжителни членови во втор столб се сите осигуреници за прв пат вработени после1.1.2003г. | 1 | 2 | 3 |

**5. На кој начин Вие лично, се информирате за вториот пензискиот столб?**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Преку интернет | Телефонски се јавувам во МАПАС и пензиските друштва | Преку агент или филијала на Тутунска банка и Комерцијална банка | Преку реклама на ТВ, радио или билборди | Флаери, брошури, дневен весник |

**6. Оценување на лична информираност и запознаеност со улогата на пензиските друштва и пензиските фондови и на задоволството од работата/услугите на пензиските друштва (од 1 до 5)**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Воопшто не е информиран/а и запознат/а (сите одговори НЕ или НЕ ЗНАМ) | Делумно е информиран/а и запознат/а (еден одговор ДА) | Средно е информиран/а и запознат/а (два одговори ДА) | Добро е информиран/а и запознат/а (три одговори ДА) | Одлично е информиран/а и запознат/а (сите одговри ДА) |

| | Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| 6.1 | Дали Вашите средствата се инвестираат од страна на пензиското друштва во домашни и странски финансиски инструменти и вие остварувате принос | 1 | 2 | 3 |
| 6.2 | Дали пензиското друштво има обврска да Ви испраќа извештај за пензиска заштеда во зелен плик еднаш во годината | 1 | 2 | 3 |
| 6.3 | Дали имате електронски пристап до вашата инивидуална сметка, во секое време | 1 | 2 | 3 |
| 6.4 | Дали пензиското друштво навремено одговара на сите ваши барања | 1 | 2 | 3 |

**7. Оценување на познавањето на правата и обврските од членувањето во втор столб (од 1 до 5)**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Воопшто не е информиран/а и запознат/а (сите одговори НЕ или НЕ ЗНАМ) | Делумно е информиран/а и запознат/а (еден одговор ДА) | Средно е информиран/а и запознат/а (два одговори ДА) | Добро е информиран/а и запознат/а (три одговори ДА) | Одлично е информиран/а и запознат/а (сите одговри ДА) |

| | Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| 7.1 | Дали секој нов осигуреник има право да склучи договор за членство со пензиско друштво по негов избор во рок од 3 месеци после првото вработување | 1 | 2 | 3 |
| 7.2 | Дали имате право да преминете во | 1 | 2 | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | друг задолжителен пензиски фонд | | | |
| 7.3 | Дали Вашите средства се наследни | 1 | 2 | 3 |
| 7.4 | Дали имате право на избор на видот на исплата на пензија од втор столб (програмирани повлекувања или ануитет) | 1 | 2 | 3 |

**8. Дали ги добивте извештаите (во зелен плик или во електронска форма) за 2017 година?**

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Да, во зелен плик (ПРЕМИНИ на 9) | Да, во електронска форма (ПРЕМИНИ на 9) | Не (ПРЕМИНИ на 10) |

**9. Оценување на разбирањето на податоците од овие извештаи (јасност и корисност) (од 1 до 5)**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Воопшто не е информиран/а и запознат/а (сите одговори НЕ или НЕ ЗНАМ) | Делумно е информиран/а и запознат/а (еден одговор ДА) | Средно е информиран/а и запознат/а (два одговори ДА) | Добро е информиран/а и запознат/а (три одговори ДА) | Одлично е информиран/а и запознат/а (сите одговри ДА) |

| | Прашање | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| 9.1 | Дали знаете колку средства имате на вашата индивидуална сметка? | 1 | 2 | 3 |
| 9.2 | Дали друштвото наплатува надоместок од придонеси и надоместок за управувањето со средствата | 1 | 2 | 3 |
| 9.3 | Дали ја следите сметководствената единица на вашиот пензиски фонд | 1 | 2 | 3 |
| 9.4 | Дали следите колкав дел од средствата на вашиот пензиски фонд се инвестирани во обврзници, акции, банкарски депозити, итн. | 1 | 2 | 3 |

**10. (САМО ЗА ИСПИТАНИЦИ ШТО ОДГОВОРИЛЕ „НЕ“ на ПРАШАЊЕ 8)**
**Која е причината што не сте добиле извештаите во зелен плик или електронска форма?**

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Проблем со достава | Неажурирани контакт податоци | Друго ______________ | Не знам |

**11. Дали знаете која Агенција врши супервизија на пензиските друштва и пензиките фондови и ги штити вашите права и интереси како членови?**

| 1 | 2 |
|---|---|
| Да – Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС | Не знам |

**ДЕМОГРАФИЈА**

**Д1. Возраст**

1. до 20години
2. 21-25години
3. 26-30 години
4. 31-35 години
5. 36-40 години
6. 41-50 години
7. 51-55 години
8. 56-60 години
9. 61-64 години
10. 65 и повеќе

**Д2. Пензиски фонд**

1. НЛБз
2. КБПз

**Д3. Регион**

1. Вардрски
2. Источен
3. Југозападен
4. Југоисточен
5. Пелагониски
6. Полошки
7. Североисточен
8. Скопски

**Д4. Тип на членство**

1. Со договор
2. Расределен